20100

press-kliping • press-clipping

NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

22. I 1972

ОНА ШТО НЕ ИСЧЕЗНУВА

ОВОЈ ПАТ СО:

Никола Мартиноски

# СКОПЈЕ НА МОЈАТА МЛАДОСТ



Имав 5 години, се уште беше турско и нешто подоцна појдов на училиште со фесче на главата. И Скопје беше такво, еден голем фес, турска калдрма насекаде населена со алвации, бозаџии, салепџии. Другиот дел од животот се одвиваше по црквите, по џамиите, по еврејските аври. Од тогаш до денес, три големи војни ми го одбележаа сеќавањето. Паметам веројатно се што мора да се запамети од едно време што секавично се менува, што уништува и раѓа, што секавично тече. Ги паметам последните два зографа, Ѓорѓи и Димитар Зографски. Кај овој последниот чиракував на 15-годишна возраст заедно со покојниот Томо Владимирски. Сигурно е дека овој период од мојот живот и менталитетот што го условуваше, ги подготви во моето сликарство „Свадбите" и некои други теми и циклуси што ги насликав дури многу подоцна.

**создавање нешто ново**

Пред триесеттите години на веков појдов во „светот" и се сретнав со нови други средини; се школував во Букурешт и во Париз и кога се вратив овде, можев да речам дека го знам и занаетот, а доста и за уметноста. Но времето на моето отсуство го имаше многу изменето и самото Скопје. Никогаш порано не се случуваа во културниот живот толку разновидни и живи нешта. Постоеше народен музеј, каде покрај фолклорот постоеше и сликарски оддел, и Народниот театар, каде имаше артисти кои сега се уште се во живот. Постоеше и друштво на пријатели на уметноста „Ефимија" и тоа многу придонесе за првите манифестации на уметноста. Имаше во некогашното Музичко училиште една или две простории за изложби. „Ефимија" беше покренувач на живи средби во сликарството, музиката, во поезијата. Душан Неделковиќ беше неуморен посредник во тие средби, проследувајќи ги често со свои коментари.

Имав мало ателје во нашата стара куќа и тоа всушност беше одаја од десетина квадрати. Чинам дека таму ги насликав своите најдобри слики. Некаде од 1937 година работев како сценограф во театарот заедно со Владимирски и со Цицо — Поповиќ. Секоја нedела имаше по една премиера и се разбира, за секоја премиера ние правевме нова сценографија. Не треба да објаснувам дека имаше многу работа и многу енергија во сето тоа. Примитивизмот, невкусот, сето тоа сè уште наголемо и насекаде постоеше, како што пос-



тоеше и калта и нехигиената. Нештата се менуваат побавно одошто ние би сакале. Па сепак, нешто се менуваше и на нас падна задачата тоа менување да го забрзаме колку што се може. Во еснафските куќи, каде што никогаш не влегла подруга слика од иконите над кандилницата, требаше да се отвори место за новите и за тоа време неверојатно смели платна. Мојата задача и задачата на моите врсници беше да го создаваме новото. Првите колекционери на модерната ликовна уметност полека, но сигурно излегува од сенката на вековната зачмаеност.

## нови форми

Годините минуваат и животот го донесуваше своето. На секој план работите добиваа нови форми. Чаршиите од мојата рана младост полека ги разјадуваше новиот и повитален вид на животот. Социјалните и урбани промени ја осликуваа во нашите очи својата присутност. Времето на последната војна беше зад нас, револуцијата ја извојува победата и пред нас стоеше задачата да го обновиме и да го развиеме духовниот живот во градот и во земјата. Со Личеноски и Кодоман го формиравме училиштето за ликовна уметност. Во пазувите на еден град, што не така одамна толку личеше на турска касаба, се раѓаше еден нов град и едно ново време, среде кое растеше и духот, цела генерација млади уметници чии учители ние бевме. Сега тоа се познати уметници; Мазев, Шумка, Грабуловски, Митриќевски и други. По 25 години, колку што не делеа од последните зографи ние присуствувавме на едно вистинско чудо.

К. ЧЕМЕРСКА